**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 183, став 8, алинеа 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник“ на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на __.11.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2024 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- Спречување на социјалната исклученост;
- Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на социјално маргинализирани групи;
- Развој на социјални услуги;
- Поддршка на деца без родители и родителска грижа;
- Промовирање на родовата рамноправност;
- Грижа за старите лица,
- Реализација на активности по стратешки документи,
- Вклучување во партнерски проекти со министерства и граѓански организации.

| | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА<br>Активности на Општина Велес за 2024 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА** | **1.900.000,00** |
| 1.1. | Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства | 1.000.000,00 |
| 1.2. | Еднократна парична помош за новороденче | 850.000,00 |
| 1.3. | Поддршка на лица жртви на семејно насилство | 50.000,00 |
| **2** | **СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ** | **200.000,00** |
| 2.1. | Услуга помош и нега во домот – Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености - Велес | 50.000,00 |
| 2.2. | Услуга лична асистенција – Општинска Организација на Црвен крст - Велес | 50.000,00 |
| 2.3. | Живеење со поддршка (мал групен дом, 10 лица) Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености - Велес | 100.000,00 |
| **3** | **ОПШТИНА ПО МЕРКА НА ДЕТЕТО** | **200.000,00** |
| 3.1. | Поддршка на деца без родители на почетокот на учебната година | 100.000,00 |
| 3.2. | Поддршка на талентирани деца од социјално загрозени семејства | 50.000,00 |
| 3.3. | Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби | 50.000,00 |
| **4** | **СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И НВО** | **350.000,00** |
| 4.1. | Одржување на донираното возило на МОБИЛНОСТ во возна состојба | 50.000,00 |
| 4.2. | Поддршка на активности на Општинска Организација на Црвен крст - Велес | 50.000,00 |
| 4.3. | Печатење  книги на брајово писмо – Здружение на слепи лица - Велес | 50.000,00 |
| 4.4. | Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата) | 50.000,00 |
| 4.5. | Имплементација на проектни активности Општинско-корисна работа (образовни асистенти) | 150.000,00 |
| **5** | **Активности за Родова еднаквост** | **100.000,00** |
| 5.1. | Кампања 16 дена активизам против родово базирано насилство – Организација на жени - Велес | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **2.750.000,00** |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2024 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друг вид на помош од:

- Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Предлог-програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2024 година, опфатени се мерките, активностите и финансиските средства за надминување на социјалните ризици и проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, со цел: одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Во програмата предвидени се **финансиски средства** за граѓани кои имаат потреба од парична помош. Овие барања од граѓани ги разгледува Комисија за доделување на средства од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита. Комисијата работи по Правилник и Критериуми за доделување средства од буџетот на Општина Велес по програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита.

Во програмата за 2024 година предвидени се 50.000,00 денари за поддршка на лица жртви на семејно насилство. Се реализира во соработка со ЈУМ Центар за социјална работа Велес.

Задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање. Затоа во програмата предвидени се активности **Социјални услуги** кои се ориентирани кон остварување на развојни и социјализаторски задачи.

Заради надминување на утврдената состојба дека услугите од социјална заштита не ги следат индивидуалните потреби на крајните корисници, Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ" бр.104 од 23.5.2019 година) предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и инервентни социјални услуги.

Законот за социјалната заштита овозможува вклучување на Граѓански органиазции, физички и правни лица посебно во делот на испорака на социјални услуги, но во исто време воведува и лиценциран систем на даватели на услуги т.е провајдери.

ОО на Црвен крст Велес е лиценциран провајдер за услугата лична асистенција. Корисници на услугата лична асистенција се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица. Моментално оваа услуга ја користат 21 лице од кои 12 се жени, 9 мажи.

Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености е лиценциран провајдер за услугата „вон семејна заштита". Моментално оваа услуга ја користат 10 лица, од кои 5 се жени 5 мажи им се обезбедува независно живеење во станбена единица со поддршка од страна на стручни лица, во остварување на основните и инструменталните активности во секојдневниот живот.

Корисници на услугата живеење со поддршка се: лица со попреченост, деца без родители и родителска грижа над 14 годишна возраст, а најдоцна до завршување на средното образование, заради оспособување за самостоен живот и интеграција во општеството.

Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености е лиценциран провајдер за услугата „услуга помош и нега во домот". Корисници на услугата помош и нега во домот се лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица со навршени 65 години живот и други лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе.

Моментално оваа услуга се обезбедува на 30 лица од кои 23 се жени, 7 се мажи.

Предвидени се финансиски средства за деца без родители и родителска грижа на почетокот на школската година, овие деца се или без родители или имаат родители но од најразлични причини не се во можност да ја обезбедат грижата. Овие деца се сместени во згрижувачки семејства, а средствата се реализираат со доставени податоци од ЈУМ Центар за социјална работа Велес.

Во општината постојат и стратешки документи кои се изработени со партиципативно учество на ГО, локални институции и засегнати страни на одредени целни групи, кои се од примарно значење затоа што се мапирани потребите и проблемите на целната група, за да може да се креираат и предвидуваат мерки и активности во програмите, плановите, стратегиите и др. документи, а со во согласност со потребите на целната група.

Согласно потпишан договор помеѓу општина, Германска амбасада и Здружение МОБИЛНОСТ Велес, општината го одржува адаптираното возило (во возна состојба) за инвалидни лица кое е донирано од страна на Германска амбасада.

И оваа година предвидена е Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата). Оваа година од месец август, ова право го остварува еден самохран родител корисник на гарантирана минимална помош за две деца кои се згрижени во ДГ „Димче Мирчев“.

Поддршка на активности на Општинска Организација на Црвен крст Велес е планирана согласно склучен Меморандум за соработка помеѓу ОО Црвен крст Велес и Општина Велес (архивски број 03-106/1 од 01.11.2012 година).

Најчесто овие активности се состојат во организирање на хуманитарни настани, одбележување на значајни денови како на пример ден на гладтта, предавања, трибини, организирање на крводарителски акции и сл.

Поддржани се проектни активности кои се имплементираат во соработка со министерства, УНДП и др. Во тек е имплементација на Проектот **Општинско-корисна работа, активност - образовни асистенти** за ученици со посебни образовни потреби инклузирани во средните општински училишта.

Програмата Општинско- корисна има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно работно ангажирање со скратено работно време, заради стекнување на нови работни вештини за постепено вклучување на пазарот на труд. Програмата, исто така, има за цел преку обезбедување на услуги од социјални сфера да помогне на лица кои живеат на територијата на локалната самоуправа.

Евидентираните невработени лица вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа“ се работно ангажирани со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на 9(девет) месеци статусот на невработените лица им останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање им е активно претходно остварено право.

Со оваа активност обезбедени се пет образовни асистенти за пет ученика со посебни образовни потреби инклузирани во средните општински училишта.

Обврската за преземање мерки или активности за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација е предвидена со закон и се однесува за сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица. Ова е должност за сите засегнати страни во јавниот сектор (член 3 став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација).

Кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство“ има цел да ја подигне општествената свест и да поттикне на размислување за индивидуалниот и колективниот придонес во борбата за спречување на родово базираното насилство, а се случува секоја година во текот на 16 дена во периодот помеѓу 25 ноември – Меѓународниот ден за елиминација на насилството против жените и 10 декември – Меѓународниот ден на човековите права.

Во текот на овие шеснаесет дена ќе бидат реализирани активности со цел промоција на кампањата во општината, меѓу кои и вклучување на јавни личности од сите сфери од општественото живеење, кои ќе ја споделат својата поддршка преку бројни панели и работилници, како и преку низа активности во медиумите и на јавните места.

Советот на Општина Велес ја усвојува програмата за активностите на Општина Велес за социјална заштита, на предлог на Градоначалникот, со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе се опфатат мерките и средствата кои што се потребни да се подобри квалитетот на живот на нај немоќните граѓаните кои живееат во Општина Велес.